Република Северна Македонија

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## Соопштенија

# Финансиска поддршка за набавка на систем за наводнување капка по капка за Институтот за тутун во Прилеп

03.08.2023 16:15:00



Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски денеска заедно со директорката на Институтот за тутун во Прилеп проф. д-р Валентина Пеливаноска го потпиша договорот за финансиска поддршка на Институтот за тутун во Прилеп за набавка на систем за наводување капка по капка.
Системот за наводнување капка по капка Институтот би го користел при производството на сертифициран семенски материјал за тутун на површина до 10 хектари.
Научните институти се значаен дел во развојот на македонското земјоделство и во зачувувањето на домашните афтохтони сорти. Токму затоа овие научни институти секогаш ќе ја добиваат поддршката на министерството при реализација на секој еден проект кој ја помага нивната работа.





**Изјава од министерот Љупчо Николовски**

ljupchonikolovski



ljupchonikolovski 💧 Финансиска поддршка добива Институтот за тутун во Прилеп за набавка на систем за наводување капка по капка. Системот е наменет и би се користел при производството на сертифициран семенски материјал за тутун на површина до 10 хектари.

✅Чест ми е што денеска заедно со директорката на Институтот за тутун, Валентина Пеливаноска го потпишавме договорот за доделување на поддршката. Научните институти се значаен дел во развојот на македонското земјоделство и во зачувувањето на домашните афтохтони сорти, токму затоа секогаш од мене и министерството ќе добиваат поддршка за секој еден проект со кој ја помагаме нивната работа.